# И н ф о р м а ц и ј а
# за извршени оперативни активности на
# ЈП Комунална хигиена за месец декември/2024

## ВОВЕД

Својата дејност од јавен интерес Претпријатието ја извршува согласно Годишната програма за постапување со отпадот на ниво на Град Скопје која по предлог на Градоначалникот ја усвојува/донесува Советот на Градот.

Дејноста на Претпријатието е поделена на основна која е составена од два сегмента, како и дополнителни дејности и вонредни активности и тоа:

**I. Основна дејност:**

- Собирање и транспортирање на комунален отпад и селектирање и третирање на секундарна суровина;
- Одржување на јавната чистота на јавните сообраќајни површини;

**II. Дополнителни дејности**

- Подигнување на згазени и умрени животни
- Подигнување –собирање на кабаст отпад,шут и
- Третман на фекални води/чистење на септички јами;

**III. Други оперативни активности**

- Еко – патрола и дежурен телефон;
- Еколошка едукација

**IV. Вонредни активности**

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад од физичките лица/домаќинства во урбаниот дел на подрачјето на Град Скопје се врши од садови за негово времено одлагање – контејнери од 1,1 $м^3$, 3 $м^3$, 3,2 $м^3$ и 5 $м^3$ како и пластични канти од 120л, а во руралните средини со канти од 120 литри и контејнери од 1,1 $м^3$.

На подрачјето на Градот поставен е следниот број на садови за времено сместување на комуналниот отпад:

| | |
|---|---|
| **1.Контејнери од 1,1 $м^3$, 3,2 $м^3$ и 3,3 $м^3$** | |
| - поставени во урбани средини од 1,1 $м^3$ | 3.492 |
| - поставени во рурални средини од 1,1 $м^3$ | 143 |
| - контејнери од 3,2 $м^3$ | 518 |
| - контејнери од 3,3 $м^3$ (подземни контејнери) | 113 |
| - контејнери од 3 $м^3$ и 5 $м^3$ (полуподземни) | 6 |
| **2. Пластични канти од 120 литри/собирни места** | |
| - поставени пластични канти од 120 литри во урбани средини | 65.951 |
| - поставени пластични канти од 120 литри во рурални средини | 19.091 |
| - импровизирани садови во рурални средини | 950 |

КХС

За функционално собирање и транспортирање на комуналниот отпад, подрачјето на Градот опфатено со Генералниот урбанистички план е поделено на 75 Блока и тоа :

- 20 блока со контејнери од 1,1 м$^3$
- 6 блока со контејнери од 3,2 м$^3$
- 2 блока со подземни контејнери од 3,3 м$^3$
- 1 блок со полуподземни контејнери од 3 м$^3$ и 5м$^3$
- 46 блока со пластични канти од 120 литри

Кај собирањето и транспортирањето на комунален и друг вид неопасен отпад од правни лица дефинирани се 10 (десет) блока со вкупно 427 контејнери од 5 м$^3$ и 798 контејнери од 1,1 м$^3$.

Согласно Годишната програма и Оперативниот план, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери се врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно.

Микролокациите на садовите за времено одлагање на комуналниот отпад поставени на јавнопрометните површини ги определува надлежен градски орган,согласно сообраќајно - урбанистичките услови, нормативи/критериуми и друга регулатива.

## I. Собирање и транспортирање на комунален отпад

Во месец декември/2024 година собрани и транспортирани се **13.540 тони** комунален отпад или просечно **437 тони** дневно.Направени се **3.048 тури** односно во просек **98 тури** дневно.

Од вкупно подигнатиот комунален отпад по видови на садови – 13.540 тони, од контејнери од 1,1/3,2 м$^3$ е подигнато 7.225 тони или 53,36%, од канти од 120 л. подигнато е 5.096 тони или 37,64% и од контејнери од 5 м$^3$ подигнато е 1.218 тони или 9,00%.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во м.декември/2024 година изнесува 13.540 тони и во споредба со м.ноември/2024 година кога беа подигнати 13.565 тони, бележи намалување за 25 тони или за 0,18%.

Собраниот и транспортиран комунален отпад од контејнери од 1,1/3,2 м$^3$ кој во м.декември/2024 изнесува 7.225 тони, во споредба со м.ноември/2024 - 7.166 тони, бележи зголемување за 59 тони односно за 0,82%.

Вкупно собраниот комунален отпад од канти од 120 л. (урбан и рурален дел) за м.декември/2024 изнесува 5.096 тони и истиот во споредба со м.ноември/2024 – 5.237 тони е намален за 141 тон или за 2,69%.

Кај отпадот собран од правни лица, во м.декември/2024 собрани се 1.218 тони, во однос на м.ноември/2024 – 1.162 тони и бележиме зголемување за 56 тони односно за 4,82%.

Вкупно подигнатиот комунален отпад во м.декември/2024 година изнесува 13.540 тони и во споредба со м.декември/2023 година кога беа подигнати 13.374 тони, е зголемен за 166 тони или за 1,24%.

Кај направените тури во м.декември/2024 година – 3.048 тури, бележиме зголемување за 802 тури во однос на истиот месец во 2023 година кога беа направени 2.246 тури, односно зголемување за 35,71%.

Во следниот Преглед дадени се количините на собран и транспортиран комунален отпад по видови на садови (изразено во кг.) за м.декември/2024 споредено со м. ноември/2024 година:

| Дата | Контејнери од 1,1 $м^3$ | Канти од 120 л. | Рурални | Вкупно Канти од 120 л. и рурални | Собран отпад од правни лица (контејнери од 5 $м^3$) | Вкупно КХС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5(3+4)** | **6** | **7(2+5+6)** |
| 01.12.2024 | **215.420** | 15.320 | 0 | **15.320** | **13.960** | **244.700** |
| 02.12.2024 | **266.060** | 154.840 | 58.860 | **213.700** | **51.420** | **531.180** |
| 03.12.2024 | **261.100** | 173.140 | 52.920 | **226.060** | **61.520** | **548.680** |
| 04.12.2024 | **245.260** | 171.390 | 52.340 | **223.730** | **59.490** | **528.480** |
| 05.12.2024 | **253.480** | 131.980 | 49.920 | **181.900** | **67.340** | **502.720** |
| 06.12.2024 | **217.780** | 109.080 | 52.920 | **162.000** | **59.200** | **438.980** |
| 07.12.2024 | **236.200** | 137.380 | 27.740 | **165.120** | **14.240** | **415.560** |
| 08.12.2024 | **224.340** | 1.380 | 18.400 | **19.780** | **9.860** | **253.980** |
| 09.12.2024 | **216.080** | 160.940 | 53.880 | **214.820** | **18.720** | **449.620** |
| 10.12.2024 | **226.960** | 152.000 | 54.440 | **206.440** | **57.240** | **490.640** |
| 11.12.2024 | **238.320** | 174.680 | 55.720 | **230.400** | **62.080** | **530.800** |
| 12.12.2024 | **222.900** | 173.720 | 48.640 | **222.360** | **52.580** | **497.840** |
| 13.12.2024 | **232.260** | 136.440 | 50.820 | **187.260** | **55.480** | **475.000** |
| 14.12.2024 | **224.720** | 104.680 | 9.480 | **114.160** | **15.120** | **354.000** |
| 15.12.2024 | **211.780** | 2.280 | 0 | **2.280** | **7.940** | **222.000** |
| 16.12.2024 | **225.080** | 163.400 | 56.300 | **219.700** | **41.980** | **486.760** |
| 17.12.2024 | **254.640** | 181.220 | 56.720 | **237.940** | **39.840** | **532.420** |
| 18.12.2024 | **210.460** | 135.680 | 55.420 | **191.100** | **41.380** | **442.940** |
| 19.12.2024 | **237.600** | 114.620 | 61.540 | **176.160** | **41.620** | **455.380** |
| 20.12.2024 | **222.300** | 136.400 | 56.860 | **193.260** | **43.680** | **459.240** |
| 21.12.2024 | **231.560** | 107.880 | 6.580 | **114.460** | **37.740** | **383.760** |
| 22.12.2024 | **177.280** | 8.700 | 0 | **8.700** | **6.880** | **192.860** |
| 23.12.2024 | **253.940** | 156.420 | 54.980 | **211.400** | **30.700** | **496.040** |
| 24.12.2024 | **223.440** | 144.660 | 54.100 | **198.760** | **60.600** | **482.800** |
| 25.12.2024 | **185.600** | 161.680 | 48.020 | **209.700** | **45.880** | **441.180** |
| 26.12.2024 | **288.320** | 124.020 | 51.700 | **175.720** | **46.080** | **510.120** |
| 27.12.2024 | **236.200** | 105.860 | 57.140 | **163.000** | **30.000** | **429.200** |
| 28.12.2024 | **226.740** | 127.110 | 20.060 | **147.170** | **46.330** | **420.240** |
| 29.12.2024 | **224.480** | 32.660 | 0 | **32.660** | **6.360** | **263.500** |
| 30.12.2024 | **211.020** | 157.020 | 59.180 | **216.200** | **42.980** | **470.200** |
| 31.12.2024 | **323.920** | 164.100 | 50.680 | **214.780** | **50.000** | **588.700** |
| Се вкупно | **7.225.240** | **3.820.680** | **1.275.360** | **5.096.040** | **1.218.240** | **13.539.520** |
| м.Ноември | 7.165.440 | 3.955.760 | 1.281.160 | 5.236.920 | 1.162.340 | 13.564.700 |
| Разлика | 59.800 | -135.080 | -5.800 | -140.880 | 55.900 | -25.180 |

Во Прегледот што следи дадени се собраните количини на отпад (во тони) и турите од ЈП Комунална хигиена на подрачјето на Град Скопје и во руралните средини за период 01.01 до 31.12.2024 година:

| Месец | ЈП КХС – урбани средини | | ЈП КХС – рурални средини | | Вкупно собран отпад | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Собран отпад | Тури | Собран отпад | Тури | Собран отпад | Тури |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 (2+4) | 7 (3+5) |
| Јануари | 11.464 | 2.132 | 1.240 | 286 | 12.704 | 2.418 |
| Февруари | 11.300 | 2.414 | 1164 | 259 | 12.464 | 2.673 |
| Март | 12.576 | 2.521 | 1.242 | 267 | 13.818 | 2.788 |
| Април | 12.908 | 2.631 | 1.376 | 295 | 14.284 | 2.926 |
| Мај | 12.763 | 2.608 | 1.453 | 300 | 14.216 | 2.908 |
| Јуни | 12.717 | 2.935 | 1.396 | 328 | 14.113 | 3.263 |
| Јули | 14.295 | 3.412 | 1.385 | 294 | 15.680 | 3.706 |
| Август | 12.504 | 2.874 | 1.531 | 342 | 14.035 | 3.216 |
| Септември | 12.852 | 2.697 | 1.383 | 301 | 14.235 | 2.998 |
| Октомври | 13.271 | 2.832 | 1.439 | 321 | 14.710 | 3.153 |
| Ноември | 12.284 | 2.838 | 1.281 | 310 | 13.565 | 3.148 |
| Декември | 12.265 | 2.734 | 1.275 | 314 | 13.540 | 3.048 |
| **Вкупно:** | **151.199** | **32.628** | **16.165** | **3.617** | **167.364** | **36.245** |

**- Собирање и транспортирање на комунален отпад од рурални средини**

Со собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралните средини во околината на Град Скопје опфатени се населените места од Општините: Кисела Вода, Аеродром, Гази Баба, Бутел, Карпош и Сарај.

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад е со утврдена динамика од еднаш седмично и ангажирани се просечно10 специјални возила.

Во месец декември/2024 година собраниот и транспортиран комунален отпад изнесува 1.275 тони и во споредба со м.ноември/2024 година кога беа подигнати 1.281 тони бележи намалување за 6 тони или за 0,47%. Направени се вкупно 314 тури.

| Ред. бр. | ОПШТИНА/БЛОК | Број на домаќинства | Подигнат отпад ( во кг.) |
|---|---|---|---|
| 1. | Кисела Вода | | |
| | Вкупно: | 2.862 | **144.680** |
| 2. | Аеродром | | |
| | Вкупно: | 690 | **52.120** |
| 3. | Бутел | | |
| | Вкупно: | 3.735 | **253.800** |
| 4. | Гази Баба | | |
| | Вкупно: | 7.458 | **479.960** |
| 5. | Карпош | | |
| | Вкупно: | 635 | **25.700** |
| 6. | Сарај | | |
| | Вкупно: | 4.573 | **319.100** |
| | ***СЕ ВКУПНО:*** | ***19.953*** | ***1.275.360*** |

**Селекција на отпад**

Во рециклажниот двор, отпадот собран од страна на ЈП Комунална хигиена – Скопје (стакло, хартија и картонска амбалажа кои се собрани) се складираат.

За период од 01.12 до 31.12.2024 година, поради обновување на договорот со постапувачот нема податоци за собран селектиран отпад.

| Месеци | ЈП Комунална хигиена | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2024 година | ПЕТ амбалажа и најлон (кгр) | Хартија и карт.кутии (кгр) | Стакло (кгр) | Лименки (кгр.) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Јануари** | 0 | 0 | 41.380 | 0 |
| **Февруари** | 0 | 49.440 | 36.070 | 0 |
| **Март** | 0 | 65.980 | 47.970 | 0 |
| **Април** | 0 | 0 | 31.690 | 0 |
| **Мај** | 17.460 | 0 | 27.050 | 1.100 |
| **Јуни** | 0 | 0 | 45.990 | 0 |
| **Јули** | 0 | 0 | 3.530 | 0 |
| ***Вкупно:*** | ***17.460*** | ***115.420*** | ***233.680*** | ***1.100*** |

### Одржување на јавната чистота

Во периодот од 01.12 до 31.12.2024 година, од вкупно планираната површина од 34.315.008 м$^2$ остварено е 36.440.000 м$^2$ или 6,19% повеќе во однос на планираната.

**Вкупно остварени зафати – Одржување на јавната чистота во м.декември/2024**

| СЕ ВКУПНО ЗА СИТЕ ОПШТИНИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Категорија | рачно метење | машинско метење (мали метл.) | машинско метење (големи метл.) | машинско перење | рачно перење | вкупно |
| **Вкупно** | **27.915.000** | **2.125.000** | **6.400.000** | **0** | **0** | **36.440.000** |

**Планирано и остварено по месеци/2024**

| Месец | Планирано | Остварено | Инд. |
|---|---|---|---|
| 1 | 34.315.005 | 30.146.500 | 87,85 |
| 2 | 34.315.005 | 31.612.000 | 92,12 |
| 3 | 34.315.008 | 34.542.000 | 100,66 |
| 4 | 75.811.450 | 48.786.500 | 64,35 |
| 5 | 75.811.450 | 48.118.500 | 63,47 |
| 6 | 75.811.450 | 52.501.000 | 69,25 |
| 7 | 75.811.450 | 58.514.500 | 77,18 |
| 8 | 75.811.450 | 47.688.000 | 62,90 |
| 9 | 75.811.450 | 47.134.000 | 62,17 |
| 10 | 75.811.450 | 52.217.000 | 68,88 |
| 11 | 34.315.008 | 34.444.000 | 100,38 |
| 12 | 34.315.008 | 36.440.000 | 106,19 |
| **Вкупно** | **702.255.184** | **522.144.000** | **74,35** |

### Дополнителни дејности

- **Подигнати згазени и умрени животни од улиците на Град Скопје во м.декември**

| 2024 г. | Подигнати животни | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Кучиња | Мачки | Др.доб. | |
| **Вкупно** | **4** | **7** | **0** | **11** |

## II. Други оперативни активности

- **ЕКО - патрола**

Во месец декември/2024 година, Еко патролата во координација со инспекторатот на Град Скопје работеше на откривање на места со напуштен отпад/диви депонии. Направени се 38 записници за неправилно одложен комунален отпад и откриени се 63м$^3$ отфрлен градежен отпад и шут, кабаст отпад и гранки, по истите се реагира во најкус можен рок.

Во табелата што следи може да се види бројот на направените записници за комунален отпад по Општини:

| Ред. бр. | ОПШТИНИ | Записници за комунален отпад | Откриен отпад м$^3$ |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. | Општина Центар | 4 | 9 |
| 2. | Општина Карпош | 6 | 6 |
| 3. | Општина Аеродром | 2 | 4 |
| 4. | Општина К.Вода | 1 | 3 |
| 5. | Општина Чаир | 18 | 29 |
| 6. | Општина Бутел | 2 | 1 |
| 7. | Општина Гази Баба | 3 | 1 |
| 8. | Општина Ѓ. Петров | 2 | 10 |
| 9. | Општина Ш. Оризари | 0 | 0 |
| | **Вкупно записници:** | **38** | **63** |

- **Дежурен телефон**

Во месец декември/2024 г. на дежурниот телефон регистрирани се 249 јавувања од граѓани. Најмногу од повиците се однесуваат за неподигнат отпад од канти и контејнери – 242 јавувања, како и за подигнување на кабаст отпад,шут и отпад од пакување и др – 7 повик.

Службите реагираат на јавувањата во најкус можен рок.

- **Еколошка едукација**

Во м.декември/2024 година, се спроведоа Еко предавања во четири основни училишта во Општините Аердром и Сарај каде беа опфатени 170 ученици, како и во

осум градинки во Општините Чаир и Аеродром, каде предавањата ги следеа 338 деца од предшколска возраст.

**Одделение за План и анализа**
**јануари, 2025 г.**

**Изготвил:**
Раководител на Одделение за План и анализа
**Емилија Владимирова**

**Контролирал:**
Раководител на Сектор за финасиско работење
**Катерина Бошковска**

**Одобрил:**
Пом. на Директорот за финасиски и правни работи
**Виолета Димитриевска**